Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 17, 15 март 2009 година

март 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент по предметот Економетрија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ЕКОНОМЕТРИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 0210-67/88 од 17.12.2008 год., донесена на 22. седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 17.12.2008 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден **соработник во сите звања за предметот Економетрија на Економскиот факултет** при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“, на 27.11.2008 год., и во предвидениот рок се пријавија кандидатките: м-р Костадинка Чабулева, магистер по економски науки од областа на меѓународните економски односи, м-р Габриела Иванова, магистер на економски науки од областа надворешен промет и дипл. економист Тамара Јованов.

Кандидатката Тамара Јованов не ги исполнува условите според Законот за високото образование и според објавениот Конкурс.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

*Биографски податоци*

### 1. М-р Костадинка Глигор Чабулева

Кандидатката Костадинка Чабулева е родена на 4 февруари 1982 година во Струмица, Македонија. Средно образование завршува во ДСУ Гимназија „Гоце Делчев” во Валандово, Македонија, во периодот 1996-2000 година. Во 2000 година се запишува на Факултетот за менаџмент и маркетинг при Стопанската академија „Димитар Апостолов Ценов” во Свиштов, Република Бугарија, на Катедрата за менаџмент и маркетинг, специјалност маркетинг, каде што дипломира во 2004 година. На истиот факултет посетува постдипломски студии, специјалност меѓународни економски односи, постдипломска програма Меѓународен бизнис и менаџмент, каде во периодот 2004-2005 година се стекнува со академски степен ***магистер на економски науки*** од областа на меѓународните економски односи, за што приложува нострифицирана диплома од Министерството за образование и наука на Република Македонија, бр. 09-4830/2, од 4.7.2008 година.

Поседува компјутерски вештини: MS Office package, Internet и e-mail (електронска пошта). Од странските јазици ги користи: англискиот јазик (има приложено сертификат за завршен втор степен англиски јазик), бугарскиот јазик (судски преведувач) и српскиот јазик.

Кандидатката е државјанка на Република Македонија, за што приложува Уверение за државјанство.

Кандидатката има работно искуство во ГТПДУ „Дојрана“ – Струмица и извесен период волонтира на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

2. **М-р Габриела Дончо Анастасова (моминско Иванова)**

Кандидатката Габриела Дончо Анастасова е родена на 9 ноември 1976 година во Штип, Република Македонија. На Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ дипломира во 2000 година, а на 5.3.2007 година го одбранува магистерскиот труд на тема *„Третманот на текстилот и на облеката во СТО“*, со што се стекнува со академско звање ***магистер на економски науки*** од областа на надворешен промет.

Зборува (како што наведува во кратката биографија) два светски јазика, англиски и холандски. Кандидатката нема приложено потврда за степенот на оспособеност во познавање на странски јазик, што се бара според Конкурсот.

Кандидатката е државјанка на Република Македонија, за што приложува Уверение за државјанство.

Кандидатката не приложува оригинална диплома за одбранет магистерски труд, туку приложува три копии заверени кај нотар.

Кандидатката има работно искуство од осум години како технички раководител во МК „Виничанка“.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на направениот преглед на документацијата, Комисијата констатира дека обете кандидатки ги исполнуваат условите за избор во звање помлад асистент, според одредбите на Законот за високото образование.

Комисијата смета дека предност при изборот на помлад асистент за областа економетрија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, треба да ѝ се даде на кандидатката **м-р Костадинка Чабулева**, бидејќи во описот на програмата од вториот циклус на студии (постдипломски) од областа на меѓународните економски односи, стекнатите квалификации и компетенции, се гледа дека ќе одговори на барањето да ги извршува работните задачи како соработник – помлад асистент од областа економетрија.

Со особено задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да ја избере кандидатката **м-р Костадинка Чабулева** во звање **помлад асистент** по предметот Економетрија.

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Татјана Атанасова - Пачемска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Трајче Мицески, член, с.р.**

**Доц. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**